РЕАКТОР
истражување во акција

# ОСВРТ НА РОДОВИОТ АСПЕКТ ВО ПРОГРАМИТЕ И ИЗБОРНИТЕ ЛИСТИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ЗА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2020

Јули 2020
Скопје

# Содржина

**Вовед** ........................................................... 2
**Изборни листи** ................................................ 3
Политички програми ............................................. 4
Политичко учество на жените ................................ 5
Економија ........................................................... 6
Родово базирано насилство ................................... 9
Здравство ........................................................... 10
Образование ....................................................... 11
Социјална заштита .............................................. 12
Култура, уметност и спорт .................................... 13
Овозможувачка средина за унапредување
на родовата еднаквост ........................................... 14
**Заклучни согледувања** ..................................... 15

# Вовед

Анализата од родов аспект на изборните програми и кандидатските листи на политичките партии дава преглед на родовата структура на изборните листи и проценува во колкава мера родовата перспектива е вклучена во изготвувањето на изборните програми. Вклученоста на родовата перспектива во изборните листи и политичките програми од една страна е показател за степенот на родовата еднаквост во државата, а од друга страна за севкупната заложба на партиите за унапредување на родовата еднаквост и создавање фер и еднакво општество.

Фокусот на оваа анализа се двете најголемите изборни коалиции претставени преку најголемата владејачка и опозициона партија, како и партиите кои во своите кампањи и/или програми до одреден степен вклучиле ветувања (мерки и политики) поврзани со статусот на жените и родовата еднаквост. Анализата ги опфаќа изборните програми на СДСМ [1], која ја предводи Коалиција Можеме, програмата на ВМРО-ДПМНЕ [2] која ја предводи Коалицијата Обнова и програмите на Зелената партија ДОМ [3] и Левица. Програмата на ДУИ не е дел од овој осврт бидејќи не е јавно достапна, но статистичките податоци за поднесените кандидатски листи на оваа партија се достапни и се земени предвид. Целта на оваа анализа е да се утврди дали и до кој степен заложбите и ветувањата на партиите ги препознаваат клучните предизвици во поглед на родовата нееднаквост во земјата и имаат потенцијал за системски промени кои водат кон унапредување на статусот на жените во општеството, а со тоа и на родовата еднаквост во државата.

[1] Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ)
[2] Внатрешна македонска револуционерна организација - Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ)
[3] Демократска обнова на Македонија – Зелена партија (ДОМ)

# Изборни листи [4]

Земајќи ги предвид само партиите/коалициите кои се во фокусот на оваа анализа, од вкупниот број пријавени кандидати за сите изборни единици, жените се застапени со 45%.

- По изборна единица (ИЕ), застапеноста на жените на кандидатските листи е следна:
- ИЕ 1 – 46%
- ИЕ 2 – 44%
- ИЕ 3 – 44%
- ИЕ 4 – 48%
- ИЕ 5 – 45%
- ИЕ 6 – 44%
- ИЕ 7 – 33%

- Според политичка партија/коалиција, застапеноста на жените на кандидатските листи за сите 7 изборни единици е следна:
- Коалиција Можеме (вклучително и ДОМ) – 47%
- Коалиција Обнова – 41%
- ДУИ – 49%
- Левица – 41%

И во овој изборен циклус, жените се застапени помалку од мажите и во изборните единици и на листите од самите партии, односно коалициите. Од партиите/коалициите кои се во фокусот на анализата, законскиот минимум за застапеност на најмалку 40% на помалку застапениот пол на кандидатските листи [5], позначително го надминуваат Коалицијата Можеме и ДУИ. Коалицијата Обнова има минимално надминување на законскиот праг на своите листи и има 21 кандидат повеќе од кандидатки. Партијата Левица, исто така со минимално надминување на законски утврдената квота, има 22 кандидати повеќе наспроти кандидатки.

Коалицијата Можеме за првпат претставува двојни носители на листи, женски и машки кандидати за секоја изборна единица кои се истовремено и првите два кандидати на изборните листи. Ваквиот модел на претставување на кандидатките и кандидатите дава поголема видливост и промоција на жените како политичарки и носителки на изборните листи, што има симболичка и суштинска важност, зашто не само што ги зголемува можностите за поголема застапеност на жените во парламентот, туку и влијае на менување на родовите стереотипи и нормализирање на учеството на жените во политиката.

[4] Извори за сите податоци се официјалните статистики на Државната изборна комисија (ДИК) достапни тука: https://bit.ly/2NH9Bej
[5] Изборен законик (Член 64, став 5,Службен весник на Република Македонија бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 42/20.

Сепак, како прва носителка на изборна листа има само во една изборна единица. Партијата ДУИ има една носителка на листа на изборна единица и тоа во изборната единица 7 каде бројот на кандидат(к)и е значително помал и се однесува на избирачкото тело од дијаспората. Коалицијата Обнова има две носителки на изборни листи исто како и партијата Левица.

Коалицијата Можеме високо на своите листи по изборни единици има застапеност на жени од помалите етнички заедници, што укажува на препознавање на важноста од учество на политичарки кои ги претставуваат своите заедници, како и важноста од надминување на доминантниот концепт на хомогени изборни листи од аспект на етничка припадност, но и од социо-економски, расен, религиозен и друг аспект. Коалицијата Обнова исто така има припадничка на малцинство високо на една од своите кандидатски листи. Ваквата поставеност на листите ги зголемува шансите на кандидатките за влез и учество во Парламентот што претставува исчекор споредено со минатите изборни циклуси и отвора можност за поголем диверзитет во претставеноста на различни групи жени во општеството, како и поголемо учество и претставеност на политичарки од помалите етнички заедници во следниот парламентарен состав.

## Политички програми

Четири од коалициите и партиите во фокус на оваа анализа имаат јавно објавени политички програми[6] за периодот 2020-2024 година во кои ги набројуваат своите активности и ветувања низ повеќе области. Во овој дел селектирани и категоризирани се родовите заложби на партиите во областите: политичко учество на жените, економија, родово-базирано насилство, здравство, образование, социјална заштита, култура, уметност и спорт, како и овозможувачка средина за унапредување на родовата еднаквост. Важно е да се напомене дека Коалицијата Можеме во својата програма има засебно поглавје посветено на родовата еднаквост во државата и предлозите за нејзино унапредување со директни мерки насочени кон жените и мажите. Партијата ДОМ пак, е единствена партија која во својата програма има засебно поглавје за човекови права, еднакви можности и недискриминација, експлицитно залагајќи се за еднаквост на сите граѓан(к)и вклучително и сексуалните и родовите малцинства, односно ЛГБТИ луѓето. Исто така, ова е единствената партија која од своето формирање до сега има во континуитет жени претседателки на чело на партијата.

[6] Достапни на следниве линкови: Левица - https://bit.ly/2BnWk80, Обнова - https://bit.ly/2CVFFsV, Можеме - https://bit.ly/3igEWCH, ДОМ - https://bit.ly/2NTuwLw

# Политичко учество на жените

- **Коалицијата Можеме** во својата програма воведува целосна рамноправност на жените и мажите на листите за Советите на единиците на локалната самоуправа и за Собранието, односно 50/50 учество. Исто така, програмата ветува 40% застапеност на жените на сите извршни функции кои се именувани од страна на Владата.
- **Коалицијата Обнова** во својата програма ветува 40% застапеност на жените на министерски позиции.
- **Партијата ДОМ** во својата програма предвидува измени на Изборниот закон со воведување на квота за најмалку 50% жени на избирачките листи за парламентарни и локални избори и квота за најмалку 50% жени кандидатки за градоначалници, воведување квота за најмалку 50% жени министерки во Владата, воведување квота за најмалку 50% жени во управни и надзорни одбори, комисии и тела во надлежност на централната и локалната власт.
- **Партијата Левица** нема предвидено посебни мерки во овој домен.

Партијата Левица е единствена која нема предвидено мерки за поттикнување на политичкото учество на жените во својата програма. Мало напредување бележи Коалицијата Обнова, додека Коалицијата Можеме, иако ветува значително подобри мерки во оваа област, тие не се однесуваат на секој аспект од политичкото учество на жените. Најголем напредок за учеството на жените во политиката бележи партијата ДОМ. Минимум учество на жените со 50% застапеност на сите нивоа на политичките инстанци и одлучувачки позиции освен постигнување нумеричка родова еднаквост значи и препознавање на структурните бариери кои историски во континуитет влијаеле на можноста и правото на учество на жените во политичкиот живот.

# Економија

## Претприемништво и земјоделство

- **Коалицијата Можеме** во својата програма има предвидено конкретни мерки за економско зајакнување на жените преку промоција на женско претприемништво со помош на неповратни средства за отворање бизниси, бескаматни кредити и ослободување од данок за новосоздадени претпријатија во сопственост на жени. Дополнително, во рамките на своите заложби за одржливо земјоделство, партиите од оваа коалиција ја препознаваат улогата на жената земјоделка и промовираат зголемена и регулирана финансиска помош за земјоделки од руралната средина.
- **Коалицијата Обнова** предвидува активни мерки за вработување, меѓу другото со фокус на жени, со цел обезбедување пофер пристап на пазарот на трудот. Тие исто така промовираат поддршка на проекти за жени во земјоделството.
- **Партијата ДОМ** предвидува спроведување на родово одговорно буџетирање, зголемување на фондовите за финансиска поддршка и економско јакнење на жени претприемачки, рурални жени, самохрани мајки и обезбедување обука за користење на тие фондови, поттикнување на деловен успех, деловна култура и деловна етика на жените, развивање на мерки за активна улога на жените на пазарот на труд, промоција на жени успешни претприемачки, формирање Фонд за поддршка на неформалниот бизнис сектор и жените од руралните средини, и достапни едукации од областа на бизнис, менаџмент и маркетинг за жени.
- **Партијата Левица** нема посебни мерки со родов пристап кон делот на претприемништво, но предвидува едукативни центри за земјоделците и сточарите, со посебен акцент на оспособување и вклучување на младите и жените.

# Работни односи

- **Коалицијата Можеме** предвидува носење на нов закон за работните односи во кој ќе се дефинира и ќе се уреди мајчинско отсуство, татковско отсуство и ќе се овозможи заедничко флексибилно родителско отсуство за двајцата родители, работа од дома и ослободување од ноќен труд на самохраните родители. Дополнително, предвидува носење на нов закон за спречување и заштита од вознемирување на работното место кој се повикува на меѓународните стандарди за заштита од вознемирување. Како општа цел го промовира и намалувањето на родовиот јаз во платите преку низа мерки насочени кон зголемено и флексибилно учество на жените на пазарот на трудот. Дополнително, се предвидува намалување на работното време за работнички над 60 год. и работници над 62 год. без намалување на платите.
- **Коалицијата Обнова** исто така предлага мерки за родителско отсуство за двајцата родители, комбинирано или по избор на родителот по истек на тримесечно задолжително мајчино отсуство. Работничките и самохраните родители кои имаат дете до 6 години нема да може да работат во смени, ноќна работа и прекувремена работа, освен ако работникот даде писмена изјава дека доброволно се согласува.
- **Партијата ДОМ** предвидува обезбедување баланс на приватниот и професионалниот живот на жените со овозможување повеќе опции за флексибилно работно време по избор на жените (работа од дома, работа во одредени денови), воведување родителско отсуство со вклучување на мажите, намалување на родовиот јаз во платите, спречување на мобинг на работното место и подобрување на работничките права на жените, посебно во приватниот сектор.
- **Партијата Левица** предвидува мерки кои, според оваа партија, значително ќе ги зголемат правата на работничките. Тие се: задолжително враќање на работничката на истото работно место по завршувањето на породилното отсуство (мерка која веќе постои во Законот за работни односи[7], член 166) и флексибилно или скратено работно време за мајките-работнички во период до три години по породилното отсуство, без кратење на плата, продолжување на породилното отсуство од 9 на 12 месеци, и враќањето на работа пред истекот на породилното отсуство да не биде порано од 6 месеци.



[7] Закон за работните односи, консолидиран текст. Службен весник на РМ, бр.74/2015, бр. 134/2016

Во областа на економија, Коалицијата Можеме и партијата ДОМ планираат најмногу мерки за економско јакнење на жените. Додека Можеме се фокусира претежно на мерки за финансиска поддршка и подобрување на работничките права, ДОМ зазема посеопфатен пристап преку дополнително родово одговорно планирање и отчетност во овој сектор како и кампањи и едукација за потребата од родова еднаквост во економијата. Мерките кои ги предлага партијата Левица во овој сегмент кога се позитивни делумно реферираат на веќе постојни законски решенија, но во значајна мера се сосема спротивни на принципот на унапредување на родовата еднаквост во земјата. Имено, мерките кои ги предлага партијата Левица не ги земаат предвид различните потреби на жените и мажите и би влијаеле на зацврстување на традиционалните родови улоги, односно профилирање на жените единствено преку нивните улоги како мајки и примарно одговорни за грижата и воспитувањето на децата. Непромовирајќи споделено родителско отсуство и подеднакви мерки за флексибилна работа и за татковците, целосно ги игнорира татковците како клучен дел од бидувањето родител. Мерките за продолжување на породилното отсуство само за мајките, всушност може да влијаат на дополнително зацврстување на традиционалните родови улоги во семејствата, како и на економско ослабнување на жената бидејќи ја изоставуваат од пазарот на трудот на подолг период, а со тоа се влијае на можностите за вработување и кариерен развој. Мерките предложени од Обнова со фокус на жените се родово-сензитивни, но не и доволно сеопфатни и соодветно елаборирани за да може да се донесе информиран заклучок.

# Родово базирано насилство (РБН)

- **Коалицијата Можеме** во делот на родово базирано насилство во наредниот период фокусот го става на зголемување на капацитетите на сервисите и центрите за жртви од РБН, усогласување на домашната законска регулатива со меѓународните стандарди за спречување и заштита од насилство, психолошка, едукативна и финансиска помош за жртвите од насилство, систем за следење на мерки и заштита на жртвите, покренување на свеста и тренинзи за вработените во институциите кои се должни да ги процесираат случаите на насилство и да ги заштитат жртвите.
- **Коалицијата Обнова** во делот на родово базирано насилство како единствена мерка ја има наведено ратификацијата на Истанбулската конвенција за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство (н.з. Истанбулската конвенција е веќе ратификувана од државата уште во 2018 година).
- **Партијата ДОМ** предвидува борба против родово базирано и домашно насилство преку целосна имплементација на Истанбулската конвенција и усогласување со другата законска регулатива како и борба против стереотипите, предрасудите и говорот на омраза кон жените.
- **Партијата Левица** во областа насилство единствено предвидува организирана институционална помош од страна на обучени професионалци на лицата жртви на семејно и меѓуврсничко насилство.

Најголемо внимание на родово-базираното насилство во својата програма посветува Коалицијата Можеме со опис на повеќе мерки и индикатори за мерење на успехот во спречување и заштита од РБН. Партијата ДОМ иако посветува помал простор за овој проблем, сепак ја промовира една од најважните мерки кога станува збор за борбата против РБН, а тоа е целосно спроведување на Истанбулската конвенција во која се опфатени сите институционални начини за заштита на жртвите од РБН. Партијата Левица промовира организирана институционална помош на жените жртви на насилство, меѓутоа нема повеќе информации за начинот на којшто ќе се спроведува оваа помош за да може да се утврди колку ваквите заложби се новина или унапредување на постојните мехнизми за заштита од РБН. Коалицијата Обнова пак единствено ветува ратификација на Инстанбулската конвенција за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство. Сепак, **ова е огромен пропуст во една од двете најголеми партии на македонската политичка сцена**, затоа што оваа значајна Конвенција е **веќе ратификувана** и на сила во нашата држава уште од 2018 година.

# Здравство

- **Коалицијата Можеме** акцентот го става на грижа за сексуалното и репродуктивното здравје, подобрен пристап и зголемен капацитет на гинеколошките услуги, намалување на данокот за производи за менструална хигиена, подобрување на грижата за новороденчињата и мајките, пристап до современи контрацептивни методи на позитивна листа и превенција на заболувања на репродуктивните органи. Посебен фокус имаат и жените во руралните средини.
- **Партијата ДОМ** предвидува подобрување на условите за здравствена заштита на жените, задолжителна примарна здравствена заштита во руралните средини, подобрување на здравствената едукација на жените, унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје на жените, обезбедување пристап до гинеколог за секоја жена во урбаните и во руралните средини и намалување на менструалната сиромаштија.
- **Коалицијата Обнова** како и **партијата Левица** во делот здравство од своите програми немаат потенцирано посебни мерки насочени кон заштита на здравјето на жените и мажите земајќи ги предвид специфичните потреби и здравствени предизвици со кои се соочуваат тие.

Во споредба со другите две партиски програми, Коалицијата Можеме и партијата ДОМ во делот на **здравство** нудат најсеопфатни политики кои ги земаат предвид различните потреби на жените. Сепак акцентот е ставен само на репродуктивното и сексуалното здравје на жените, притоа изоставајќи ги и другите различности во здравствените потреби меѓу жените и мажите, како и различните потреби на мажите за нивното репродуктивно и сексуално здравје. Коалицијата Обнова, како и партијата Левица, во делот здравство од своите програми немаат потенцирано посебни мерки насочени кон заштита на здравјето на жените и мажите земајќи ги предвид специфичните потреби и здравствените предизвици со кои се соочуваат тие, што пак укажува на занемарување на потребата на сите граѓан/к/и за еднаков пристап до квалитетни здравствени услуги како едно од основните човекови права и основно уставно загарантирано право на сите лица во државата.

# Образование

- Во областа образование од родова перспектива **Коалицијата Можеме** предвидува две мерки. Специфично (до)образување на жените во затвори и повикување на невладините организации и активисти да укажат на постојните форми на дискриминација и создавање стереотипи во основното и средното образование.
- **Коалицијата Обнова** предвидува кампања за сексуално образование и репродуктивно здравје за заштита од сексуално преносливи болести почнувајќи од шесто одделение.
- **Партијата ДОМ** предвидува кампањи за потребата од образование на жените, обезбедување неформално образование за жени со незавршено задолжително образование, организирање курсеви, семинари и работилници за стекнување одредени вештини заради полесно вработување, зголемена поддршка на жени научници, обуки за родова еднаквост на наставниот кадар, судиите, обвинителите, полицијата и јавната администрација, воспоставување содржини за човекови права, еднакви можности, недискриминација и прифаќање на различностите во образовните програми и учебниците како и сеопфатно сексуално образование на младите.
- **Партијата Левица** нема конкретни мерки од родов аспект во оваа област.

Во оваа област, Коалицијата Можеме нуди неколку родово специфични мерки, но сепак нема конкретни мерки за тоа како би се решиле постојните проблеми со родовиот јаз во образованието или родовите стереотипи кои преовладуваат во материјалите за учење, наставните програми и кај самиот образовен кадар. Партијата ДОМ предлага најголем број родово сензитивни мерки во оваа област во споредба со останатите партии и става фокус на потребата од сеопфатно сексуално образование на младите. Партијата Левица во доменот на образование ги зема предвид Ромите и лицата со попреченост, но не и различните потреби на девојчињата/жените и момчињата/мажите и другите родови категории во воспитно образовниот процес. Предвидената „кампања за сексуално образование“ на Коалицијата Обнова пак, е во насока на „спречување на несакани последици од ран сексуален живот“. Ваквиот образовен модел е нецелосен и промовиран на овој начин, наместо сеопфатна едукација за сите аспекти на сексуалноста, ризикува од патологизирање на сексуалните односи и фокусирање само на еден аспект од сексуалното и репродуктивното здравје, при тоа изоставајќи ги сите други неразделно поврзани аспекти на сеопфатното сексуално образование неопходни во едукацијата на сите млади.

Научните сознанија укажуваат на тоа дека пристапот на апстиненција кон сексуалноста наместо заштитени и информирани сексуални изразувања и односи, всушност го зголемува степенот на впуштање во ризични сексуални односи и несакана бременост[8]. Само преку сеопфатно сексуално образование[9] кое вклучува едукација за родот, врските, сексуалното и репродуктивното здравје, сексуалност и односи, насилство, согласност и други поврзани аспекти, може да се зборува за заштита на здравјето на младите и родово одговорен пристап во образованието.

## Социјална заштита

- **Коалицијата Можеме** планира зголемување на капацитетите на постојните и отворање нови градинки и центри за ран детски развој, зголемување на достапноста на градинките (особено во руралните области) и зголемување на бројот на домови за стари лица.
- **Коалицијата Обнова** предвидува изградба на нови детски градинки со олеснет пристап и подобрен квалитет, како и бесплатни градинки за социјално-загрозени родители. Дополнително, предлага право на пензија за еден од родителите коишто имаат дете со попреченост, во висина од износ на минимална семејна пензија, доколку не се исполнува право на пензија по друга основа.
- **Партијата ДОМ** предвидува зголемување на бројот на градинки и на градинки кои работат во две смени, грижа за ранливите групи (стари лица, лица со посебни потреби, деца без родители, самохрани мајки), воведување волонтерска работа во средните училишта за посета и помош на лица кои имаат потреба, политики за поддршка на жените од трето доба и унапредување на правата на ЛГБТИ и на лицата со посебни потреби.
- **Партијата Левица** предвидува „високо квалитетен систем на поддршка и заштита на самохраните родители“ и редефинирање на законската рамка за овие родители. Дополнително, се планира изградба на државни социјални станови за самохрани родители, деца без родители, лица приматели на социјална помош и семејства на лица со посебни потреби.

Повеќето партии во оваа област предвидуваат солидни иако недоволно мерки за заштита на социјално загрозените лица и институционална помош за родителите во поглед на згрижување на нивните деца. За разлика од другите партии, единствено партијата ДОМ ветува заштита на ЛГБТИ лицата како една

[8] Braeken, D., and  Cardinal, M., 2008. Comprehensive Sexuality Education as a Means of Promoting Sexual Health, International Journal of Sexual Health, 20:1-2, 50-62, DOI: 10.1080/19317610802157051
[9] ХЕРА, 2020. Апел до изборните кандидати: Имањето погрешни информации е подеднакво опасно како и немањето информации, објавено на 05.05.2020, достапно на https://bit.ly/2OfjYXj

од маргинализираните заедници во нашата држава. Иста така, нивната мерка за воведување волонтерска работа во средните училишта, го промовира концептот на грижа и солидарност којшто е клучен за развојот на емпатија кај младите и борба против токсичната машкост. Мерката на Левица за државни социјални станови со категории на лица кои ги исполнуваат критериумите е недоволно елаборирана и не може соодветно да се направи разлика од веќе законски постојните права[10] на самохраните родители и други лица во социјален ризик по однос на непрофитното домување (социјални станови).

# Култура, уметност и спорт

- **Коалицијата Можеме** предвидува зголемување на бројот на жените во спорот, а особено на позициите во органите на управување.
- **Коалицијата Обнова** има специфични мерки за поголемо вклучување на жените во спортот како: поттикнување и поддршка во однос на зголемување на масовноста на жените во спортот и нивно вклучување во спортските организации, спречување на дискриминацијата, поттикнување на финансирање на женските спортски клубови, трибини, емисии и настани со едукативен карактер со поддршка за родовата еднаквост во спортот, утврдување на пречки со кои се соочуваат жените во нивното вклучување во спортот и спортски активности.
- **Партијата ДОМ** предвидува поттикнување и афирмација на воведување на женски спортски тимови.
- **Паријата Левица** во областа на спортот единствено промовира санкционирање на „шовинизмот на спортските терени“.

Сите партии повеќе или помалку посветуваат внимание на учеството на жените во спортот. Коалицијата Можеме има посеопфатен пристап за разлика од другите партии бидејќи освен што предвидува зголемување на учеството на спортистките, предвидува и зголемување на бројот на жени на одлучувачки позиции во спортот. Коалицијата Обнова има посветено најголемо внимание во споредба со останатите партии. Сепак, потребата за рамноправното учество на жените во спортот се поставува преку позиционирањето на жената како „столб на семејството“, односно се врзува со улогата на жените како мајки. Еднаквите можности и пристап за учество во спортот на жените и девојките како политика не смее да биде врамувана само за одредена група жени, односно мајки или жени кои имаат семејство. Овој пристап има свои корени во националистичката идеологија каде жената се профилира доминантно преку улогата на здрава мајка која ќе ја „обнови и спаси“ нацијата.[11]

[10] Закон за домување (член 91), Службен весник на Република Македонија бр.28/2012, достапно на https://bit.ly/2Z78V8Q
[11] Waylen, G., 2007. Engendering Transition: Women’s Mobilization, Institutions and Gender Outcomes. Oxford Scholarship Online.

Ваквите политики се реминисценција на политиките кои беа остро критикувани во минатиот долгогодишен мандат на тогаш владејачката ВМРО-ДПМНЕ и не водат кон унапредување на родовата еднаквост и женските права, туку кон нивно уназадување.

Иако партијата ДОМ ја признава улогата на културата во унапредување на правата на жените и ранливите категории на граѓани, ниту една политичка програма нема родов пристап во областите култура и уметност иако овие области се особено значајни за надминување на родовите стереотипи кои се историски создавани и се сè уште присутни во секојдневието, а особено во медиумите.

## Овозможувачка средина за унапредување на родовата еднаквост

- **Коалицијата Можеме** предвидува формирање на Секретаријат за родова еднаквост во Владата, како централна точка за водење политики и градење институционални механизми за родова еднаквост. Родовата перспектива е земена предвид во рамките на интеграцијата кон Европската Унија (ЕУ), односно во програмирањето на фондовите за поддршка на реформите во земјата во процесот на пристапување кон ЕУ. Во рамките на својата програма промовираат и целосно вклучување на граѓанскиот сектор во креирањето и спроведувањето политики.
- **Коалицијата Обнова** во својата програма промовира соработка со граѓанскиот сектор и градење на неговите капацитети, доколку тој е „избалансиран во однос на негова злоупотреба од политичките елити и влијание на неговата независност“.
- **Партијата ДОМ** предвидува активно граѓанско учество и соработка со овој сектор во креирањето општествени политики.
- **Партијата Левица** исто така предвидува соработка со невладиниот сектор кој делува во областа на човековите права, но истовремено предвидува „десоросоидизација на граѓанскиот сектор преку санкционирање на ширењето политичка пропаганда платена со странски пари, а спроведена преку домашни „тинк-тенкови“ и невладини организации.“

Коалицијата Можеме нуди повеќедимензионален пристап кон овозможувањето поволна средина за унапредување на родовата еднаквост меѓу кој и соработка со граѓанскиот сектор во креирањето родово сензитивни политики што е од особена важност за родовата еднаквост имајќи ја предвид експертизата на граѓанските организации кои работат во областа. Сепак, треба да се истакне

дека Секретаријатот за родова еднаквост којшто е предвиден со новата програма на оваа коалиција е ветување кое беше дел од програмата на СДСМ за претходните избори[12] во 2016 година. Од друга страна, соработката со граѓанскиот сектор иако е предвидена во програмите на Коалицијата Обнова и Левица, таа е лимитирана и загрижувачка. Најзагрижувачки е ставот на партијата Левица која со својата идеологија на „десоросоидизација“ на граѓанскиот сектор, целосно го следи наративот на Орбановата партија Фидес и воопшто конзервативниот ултра-десничарски пристап кој ја ограничува и цензурира работата на сите граѓански организации кои не ја поддржуваат идеологијата на партијата. Ова е пристап кој е опасен за самиот демократски развој на општеството, навлегува во ограничување на уставно загарантираните права на граѓаните и не е својствен за демократски земји. Исто така, ова е особено загрижувачки и од аспект на родовата еднаквост во земјата имајќи предвид дека женските организации и граѓанските организации кои работат во областа, во континуитет работат на унапредување на правата на жените и родова еднаквост, а неретко обезбедуваат неопходни социјални, здравствени, едукативни и други сервиси и услуги за жените и сите други лица на кои им се потребни, а особено за најранливите.

# Заклучни согледувања

Споредено со претходните изборни циклуси се забележува исчекор кај најголемите политички партии во поглед на фокусот кон родовата еднаквост во своите програми, но и во изборните листи и претставувањето на кандидатките и кандидатите за претстојните предвремени избори. Па така, за првпат во историјата на нашата земја гледаме двојно претставување на жени и мажи носителки и носители на листи. Ваквото еднакво претставување е видливо и во целата политичка кампања на Коалицијата Можеме што значи дека за првпат се става акцент на еднаквоста во претставувањето на самите партии за изборите. Ова е важен исчекор за учеството и промоцијата на жените во политиката, важно од аспект на редистрибуцијата на политичката моќ, како и од аспект на надминување на родовите стереотипи за учеството на жените во политичкиот живот. Исто така, на добитни позиции на изборните листи има застапеност на жени од помалите етнички заедници (особено кај коалицијата Можеме), што укажува на препознавање на важноста од учество на политичарки кои ги претставуваат своите заедници, како и важноста од надминување на доминантниот концепт на хомогени изборни листи од аспект на етничка припадност, но и од социо-економски, расен, религиозен и друг аспект.

[12] Реактор, 2016. Анализа на политичките програми од родов аспект, предвремени парламентарни избори 2016, достапно на https://bit.ly/2ZCcPFM

Ниту една партија/коалиција не ја вклучила родовата перспектива во сите делови на своите програмски приоритети, но партијата ДОМ и Коалицијата Можеме споредено со останатите партии имаат најголем фокус на политики и мерки кои имаат потенцијал да влијаат на подобрување на родовата еднаквост во земјата. Од друга страна, под параванот на „родова еднаквост" Коалицијата Обнова предводена од партијата ВМРО-ДПМНЕ и партијата Левица имаат конзервативен пристап кон потребите на жените и нивните предлог мерки имаат потенцијално спротивна агенда од унапредување на родовата еднаквост во државата. Дополнително, кај овие две партии се среќаваат ветувања за регулативи и веќе постојни законски права за граѓаните кои се промовираат како нови мерки, што укажува на непознавање на постојните политики и законски регулативи во областа на родовата еднаквост во земјата.

Промовирањето на мерки како породилно отсуство и флексибилни работни услови за мајката, но не и за таткото, образование кое ја негира сексуалноста на младите и ја сведува на апстиненција, промовирањето на жената во спортот како столб на семејството, санкционирањето на граѓанските организации кои се клучни во давањето експертиза за родовата еднаквост и со самото тоа уништување на главниот извор на знаење во полето на еднаквост и човекови права, се мерки кои се повеќе пример за назадувања во поглед на родовата еднаквост и женските права како и системски бариери за жените, отколку пример за унапредување на еднаквоста.

Партијата ДОМ е единствената која јасно издвојува мерки за унапредување на позицијата на ЛГБТИ луѓето. Освен позицијата на руралната жена, ниту една друга интерсекциска карактеристика на жените (како што се на пример, жени во ризик од сиромаштија, жените од расни и етнички малцинства и транс жените) не е доволно акцентирана во изборните програми.

Родово специфичните мерки во секоја сфера иако се напредок во споредба со политичките програми од претходните години, имаат делумен потенцијал за системски промени во поглед на родовата еднаквост. За да имаат целосен потенцијал, многу од постојните родови нееднаквости во секоја општествена сфера мора да бидат системски адресирани и дел од агендата на секоја политичка партија и идна влада. Експертизата на граѓанските организации, академската заедница, институциите и сите релевантни чинители мора да биде дополнително земена предвид во креирањето на предлог мерките и политиките во предизборниот период, како и во креирањето на програмата на идната Влада за да се осигура напредокот на родовата еднаквост во земјата.